# Е-ИНФО 47

ПАКОМАК СЕЛЕКТИРАЈ ИДНИНА

## АКТИВНОСТИ НА ПАКОМАК ЗА ПЕРИОД ЈУЛИ, АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ
PRO EUROPE

# АМБАЛАЖАТА ШТО ИМА МИНАТО, МОЖЕ ДА ИМА И ИДНИНА!

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ НА „ПАКОМАК“ ЗА ПЕРИОД ЈУЛИ, АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА. ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ ЧИЈА ЦЕЛ Е ПРОМОЦИЈА НА ВАЖНОСТА НА СЕЛЕКЦИЈА И ПРЕРАБОТКА НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД.**

**ЈУЛИ, АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА**

## 1 ПРОЕКТ СО ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА

Од почнување на проектот со швајцарската амбасада за паметно управување отпад од пакување, до 27 септември 2023 година се поставени и се во функција 523 паметни сензори.




Дел од проектот со швајцарската амбасада се и поставувањето повратни вендинг машини и мобилната апликација за собирање поени при селекција на отпад во вендинг машините, „Екомак“. Во септември имаше 16.700 корисници на апликацијата „Екомак“, во просек има по 300 нови корисници неделно.



# 2 КАМПАЊА ЗА ПОВРАТНИТЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ СО ОСНОВАЧИ

„Пакомак“, заедно со основачите, со цел зголемување на селектирањето кај граѓаните, постави информации на фрижидерите на основачите во разни маркети. Беше ставена информација дека секоја амбалажа, шишиња и лименки, треба да заврши во повратните вендинг машини на „Пакомак“. Со тоа секој што ја селектира амбалажата добива поени на апликацијата „Екомак“, кои подоцна може да ги замени за ваучер, кој може да го искористи во некој од маркетите или, пак, за донација за СОС детското село.

Ова информирање ќе биде проширено од страна на „Пивара Скопје“, со дополнување дека повратната стаклена амбалажа треба да се враќа во маркетот.









# 3 СОРАБОТКА СО „СКОПЈЕ СИТИ МОЛ“ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ

Во јули „Пакомак“ оствари соработка со „Скопје сити мол“ за поставување информативни табли во самиот трговски центар. Со оваа соработка беа поставени табли со името на „Пакомак“ во гаражата и беа поставени нови канти низ трговскиот центар. Таблата во гаражите е со информации за повратните вендинг машини и за апликацијата „Екомак“, а беше поставен и QR код преку кој посетителите на трговскиот центар можат веднаш да ја преземат апликацијата.







# 4 ЧАШИ ЗА ПОВЕЌЕКРАТНА УПОТРЕБА ОД „ПАКОМАК“

Во период на многу фестивали, каде што се користат многу пластични чаши што се за еднократна употреба и се создава многу отпад од пластика, „Пакомак“ изработи пластични чаши што се за повеќекратна употреба, со цел поголема заштита на животната средина. Посетителите на фестивали, концерти и на други настани можат да ги најдат овие чаши на самите шанкови каде што се служи точен пијалак, со што ќе можат на целиот настан да користат една чаша и притоа да си ја земат да ја користат и понатаму.

На чашите е поставен и QR код за преземање на мобилната апликација за користење на повратните вендинг машини и за собирање поени.



# 5 МАИЦИ ЗА СЕКТОРОТ ХОРЕКА

Во јули „Пакомак“ оствари соработка со секторот на хотелиери, ресторани и кафулиња и во некои објекти келнерите и шанкерите носеа маици со името на „Пакомак“. Ова има цел да ја зголеми свесноста за селекција на отпад кај гостите, како и да ги прикаже објектите од овој сектор како одговорни за селекција на отпадот во нив.



# 6 ПРОМОЦИИ СО „ПИВАРА СКОПЈЕ“

„Пакомак“ и „Пивара Скопје“ остварија соработка и за време на музичките фестивали ова лето. На добро познатите „Скопје колинг“ и „Охрид колинг“ беше поставен механизам каде што за донесени пластични шишиња, чаши или лименки на шанковите посетителите добиваа гратис пиво. Со оваа активација се мотивираат посетителите да вршат селекција за натамошно рециклирање на отпадот и се наградени за тоа.

На овие два фестивала беа собрани голем број лименки и пластични шишиња и чаши, кои по фестивалите беа рециклирани. „Пакомак“ има цел овој механизам да се применува и за други фестивали и настани, со цел поголемо мотивирање на граѓаните да вршат селекција на отпадот.




# 7 СОРАБОТКАТА СО ШВАЈЦАРСКА АМБАСАДА

Преку оваа соработка се набавени големиот број повратни вендинг машини, кои граѓаните сè повеќе ги користат. Повратните вендинг машини, покрај тоа што овозможуваат придобивка во вид на поени што понатаму можат да се разменат во апликацијата „Екомак“, овозможуваат и намалување на негативното влијание врз здравјето на луѓето што го предизвикува лошото управување на отпадот.



# 8 ПОСТАВУВАЊЕ ПРЕЧКИ ЗА ПЕТ-ШИШИЊА НА РЕКИТЕ ШТО СЕ ВЛЕВААТ ВО ОХРИДСКО ЕЗЕРО

Во рамки на долгорочната платформа „Наша гордост, наша одговорност“ на „Пивара Скопје“, преку собрани донации беа поставени пречки, односно мрежи што ќе го спречат загадувањето на реките и на Охридско Езеро. „Пакомак“ помогна во поставувањето на мрежите, но, покрај тоа, во иднина „Пакомак“ ќе ги чисти мрежите од насобраните шишиња и ќе се погрижи да бидат рециклирани. Со цел да се спречи загадување на езерото и да се намали отпадот што завршува во него, „Пакомак“ и „Пивара Скопје“ неколку пати годишно го собираат со организирањето акции за чистење.


**„Пивара Скопје“ постави препреки на реките Сатеска и Даљанска за заштита на Охридското Езеро од цврст отпад**

Компанијата „Пивара Скопје“ денеска презентираше дел од спроведените активности во рамки на платформата за општествена одговорност „Наша гордост, наша одговорност“ за заштита на Охридското Езеро од загадување со цврст отпад.


**СКОПСКО ПОСТАВИ ПЛОВНИ ПРЕПРЕКИ НА САТЕСКА И ДАЉАН ВО РАМКИ НА ПЛАТФОРМАТА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ „НАША ГОРДОСТ. НАША ОДГОВОРНОСТ.“**

**Датум на објава:** 11.08.2023

**Време за читање:** 1 минути

СКОПСКО во рамки на својата долгорочна платформа за општествена одговорност **„Наша гордост. Наша одговорност.“** постави пловни препреки на реките Сатеска и Даљан. Главна цел на платформата е **заштита**

# 9 ЕДУКАЦИЈА ВО ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО КАВАДАРЦИ

Во септември „Пакомак“ одржа едукација во основните училишта во Кавадарци, во соработка со локална НВО, за селекција и рециклирање амбалажен отпад. Покрај одржаната едукацијата беа продуцирани и едукативни летоци.

Децата учеа за процесот на селекција и рециклирање амабалажен отпад, како и зошто е важно да се селектира и кои се придобивките од рециклирањето. Верувајќи дека со континуирана едукација децата уште од најрана возраст ќе почнат да градат навика за селекција на амбалажен отпад.






# 10 „ПАКОМАК“ ГО ОРГАНИЗИРАШЕ ТРАДИЦИОНАЛНИОТ КОНЦЕРТ „SOUND OF GREEN“

Во септември, како и претходните години, се одржа концертот „Sound of Green“, во организација на „Пакомак“.

Во соработка со „Пивара Скопје“ и со „Пакомак“, сите присутни што покажаа мобилна апликација „Екомак“ и што имаа собрано минимум 10 зелени поени на апликацијата, добиваа гратис точено пиво.

На фестивалот „Sound of Green“ беа собрани 2.000 шишиња и лименки од посетителите, а една лименка или пластично шише претставуваше влезница.

На настанот дојдоа 1.500 посетители, од нив повеќе од 400 беа корисници на апликацијата „Екомак“. Посетителите на фестивалот имаа можност со донесени 10 лименки или пластични шишиња да добијат гратис точено пиво, или со прикажување дека се корисници на мобилната апликација.







# 11 ЛЕТОЦИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО ВО БЕРОВО ЗА ЕДУКАЦИЈА ЗА ПОВРАТНИТЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ

„Пакомак“ изработи летоци преку кои има цел да го поттикне населението во Берово да ја преземе мобилната апликација „Екомак“ и да селетира амбалажен отпад во повратните вендинг машини.

Овие летоци ќе бидат дистрибутирани со сметките за комуналии.





# СЕЛЕКТИРАЈ ИДНИНА